**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23-09-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5559 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 септември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, емитуван на 04 јули 2015 година, **<u>е констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми.</u>**

Во програмите емитувани на 4 јули 2015 година – „ Црвило" и „ Мегдан Кујна ", не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

| **Име на емисијата** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| Мегдан Кујна (CD 18:40-21:20) | 4 јули 2015 г. | 00:19:21 | 01:14:57 |
| **Опис на прекршувањето:** Во рамките на забавната програма Мегдан Кујна, на крајот на програмата не се објавени информации согласно член 12 од Законот за Медиуми | | | |

| **Име на емисијата** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| Црвило (CD 10:40-13:20) | 4 јули 2015 г. | 01:18:30 | 01:44:38 |
| **Опис на прекршувањето:** Во рамките на забавната програма Црвило, на крајот на програмата не се објавени информации согласно член 12 од Законот за Медиуми | | | |

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги даде конкретни насоки кои податоци треба да се објават на одјавните (или најавните) шпици кај дневно-информативните емисии (вести, дневници) и другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, како и кај сите останати програми со информативна, образовна или забавна функција, во насоките за примена на член 12 од Законот за медиуми и на член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испратени до сите телевизиски програмски сервиси на 7 ноември 2014 година.*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 12 од Законот за медиуми,** Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, во програмата емитувана на 4 јули 2015 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата

***Сектор за програмски работи***